AEC
Australian Electoral Commission

Macedonian / Македонски

# Референдуми

Федерален референдум е национално гласање за прашање во врска со предложена промена на Уставот. Уставот е основен документ според кој се владее со нашата земја. Од 1901 година се одржани 44 референдуми. Помина долго време откако одржавме референдум – последниот беше пред повеќе од 20 години во 1999 година.

## Кој треба да гласа

На референдум мора да гласаат сите австралиски државјани на возраст од 18 години и постари. Мора да сте запишани во гласачкиот список и треба да ги обновите вашите податоци доколку:

- неодамна сте го промениле името или адресата
- сте наполниле години или 18 години или
- сте станале австралиски државјанин.

Посетете ја веб-страницата **aec.gov.au** или земете формулар за запишување во која било канцеларија на AEC.

## Кога и каде да гласате

Гласањето ќе се одржи во една сабота, а гласачките места низ земјата ќе бидат отворени меѓу 8 часот наутро и 6 часот попладне.

Теренски екипи за гласање исто така ќе посетат голем број оддалечени области во неделите пред денот на гласањето.

Ако не можете да гласате на денот на референдумот, можеби ќе имате право да гласате порано лично или по пошта.

Повеќе детали ќе бидат достапни на **aec.gov.au** поблиску до денот на референдумот.

## Како да гласате

Гласањето на референдум е различно од гласањето на избори. Треба да пополните само едно гласачко ливче.

На гласачкото ливче ќе биде поставено прашање за предложена промена на Уставот. За да гласате, напишете „yes“ ако ја одобрувате или „no“ ако не ја одобрувате предложената промена.

На гласачкото место, можете да побарате помош од службеник за гласање, пријател или член на семејството за тоа како да гласате официјално.

**Ако направите грешка, не грижете се.**
Побарајте ново гласачко ливче и почнете одново.




Примерок на гласачко ливче

Напишете **YES** ако ја одобрувате предложената измена

**или**




Примерок на гласачко ливче

Напишете **NO** ако не ја одобрувате предложената измена

Вашиот одговор треба да биде напишан на англиски јазик.

## Како се одлучува за резултатот

Предложената промена на Уставот мора да биде одобрена со „двојно мнозинство“ (‘double majority’) – што значи:

- национално мнозинство официјални гласови (повеќе од 50%) од сите држави и територии, и
- мнозинство официјални гласови (повеќе од 50%) во повеќето држави (најмалку четири од шестте држави).

**Одлуката во врска со прашањето на референдумот е усвоена кога**




**Одлуката во врска со прашањето на референдумот НЕ е усвоена кога**




**Резултатот е обврзувачки.** Ова значи дека Австралиската влада мора да постапи според тоа што ќе го одлучат гласачите.

## Сузбивање на митови за референдуми

**МИТ:** Референдуми можат да се одржат за која било тема или закон.
**ФАКТ:** Тие се одржуваат само за да се направи предложена промена на Уставот.

**МИТ:** Анкетата за промена на Законот за брак во 2017 година беше референдум или плебисцит (сенародно гласање).
**ФАКТ:** Тоа беше анкета по пошта и учествувањето беше изборно.

**МИТ:** Гласањето на референдум не е задолжително.
**ФАКТ:** Мора да гласате ако сте австралиски државјанин на возраст од 18 години и постари.

**МИТ:** Треба посебно да се запишам за гласањето.
**ФАКТ:** Ако сте запишани за гласање на избори, исто така сте запишани за гласање на референдум. Само проверете дали вашите податоци се ажурирани.

**МИТ:** Можам да гласам само по пошта.
**ФАКТ:** Можете да гласате на денот на референдумот или да проверите дали имате право да гласате предвреме лично или по пошта ако ја посетите веб-страницата aec.gov.au поблиску до денот на референдумот.

**МИТ:** За да се изгласа референдумот, потребни се 70% или повеќе гласови „yes“.
**ФАКТ:** Мора да биде одобрен од повеќе од 50% од гласачите од сите држави и територии и повеќе од 50% од гласачите во повеќето држави (најмалку четири од шестте држави).
Тоа е „двојно мнозинство“.

## Улогата на AEC

AEC е независно и непристрасно законско тело.

Улогата на комисијата на референдумот е да дава услуги за запишување, гласање и информации.

Иако AEC ќе им достави yes/no памфлет на австралиските домаќинства, информациите во овој памфлет ги подготвува Парламентот. Освен доставувањето памфлети, AEC не е вклучена во кампањи за или против предложената промена на Уставот.

## Застанете и размислете за изворот на информации

Вашиот глас на референдумот ќе помогне во донесувањето на важна одлука за Австралија.

За време на периодот на референдумот, може да наидете на информации кои се погрешни.

Застанете, проверете и размислете за изворот на она што го гледате, слушате или читате. Не дозволувајте на овој референдум да бидете доведени во заблуда со дезинформации.

Посетете ја веб-страницата **aec.gov.au** за совети како да го проверите изворот на информации.

**ПРОВЕРЕТЕ ГО ИЗВОРОТ НА ИНФОРМАЦИИ**
на претстојниот референдум

**aec.gov.au/translated** 1300 720 139

AEC
Australian Electoral Commission

AEC23/1804

Овластено од Началникот за избори, Канбера
Authorised by the Electoral Commissioner, Canberra